# ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОСЕГАШНАТА РАБОТА НА СТУДЕНТСКИОТ СТРУЧНО–НАУЧЕН КЛУБ „АКАД. ПРОФ. Д–Р ДИМИТАР АРСОВ“ ПРИ ОО ССМ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Иако соочен со голем број тешкотии, особено при основањето, студентскиот стручно-научен клуб „Акад. проф. др. Димитар Арсов" се избори за своето постоење и во свите редови ги прими сите оние кои беа заинтересирани за работа во Клубот, а таквите не беа малку. Од конституирањето, па до денес, Клубот бележи постојан растеж и подем.

Во рамките на својата активност, Клубот организира едукативни и популарни предавања од различни области на медицинската проблематика, со учество на повеќемина еминентни научни дејци и професори од нашиот факултет. Масовната посета и сè поголемиот број учесници во дискусиите, сведочат на заинтересираноста на студентите за овие предавања.

Научниот клуб е организатор на Стручните собири на студентите по медицина на ниво на град Скопје, а со научни трудови на свои членови учествува и на Сојузните конгреси на студентите по медицина и стоматологија.

1978 година на Медицинскиот факултет од Скопје му беше доверена организацијата на XX Сојузен конгрес, во што, секако, удел имаше и Научниот клуб. 1979 година ни припадна честа да го печатиме стручното гласило на студентите по медицина и стоматологија на Југославија. „Acta Medica et Stomatologica Studentorum Yugoslavica", што претставува високо признание за работата на Научниот клуб и на целиот факултет, воопшто. Притоа, треба да се истакне дека Научниот клуб сериозно и самосвесно ги прифати сите обврски и поставени задачи и резултатие не изостанаа.

Научниот клуб „Акад. проф. др. Димитар Арсов" воспоставеи плодна и содржински богата соработка со сродните организации од медицинските факултети ширум Југославија, што отвора нови перспективи за натамошно проширување на нашата дејност. За тоа убави можности дава и потесната соработка со Научниот одбор, кој повеќепати му пружи поддршка и помош на Научниот клуб, изразувајќи ја на тој начин својата желба и готовност да соработува. За одбележување е напорот на Научниот клуб да се афирмира и надвор од границите на Скопскиот медицински факултет, преку средствата за јавно информирање.

Годинава, Научниот клуб слави скромен јубилеј: пет години постоење и дејствување на полето на научно-истражувачката дејност меѓу студентите од овој факултет. По тој повод Клубот им додели благодарници на оние професори и студенти кои со своето ангажирање дадоа виден придонес во развитокот на Научниот клуб.

Во текот на своето постоење, Клубот созреа и за издавање на едно вакво гласило. Искрено веруваме дека „Медицинска мисла" нема да згасне по првиот број, напротив, таа треба да прерасне во традиција што ќе се негува, зашто студентите од овој факултет тоа сигурно го заслужуваат.

Научниот клуб пак, од своја страна се обврзува и натаму да работи врз ширењето и јакнењето на научната дејност, придонесувајќи на тој начин, студентите, идни лекари, да станат вистински стручњаци какви што и се потребни на нашата самоуправна социјалистичка заедница.

ЕМИЛИЈА ТОДОРОВА

## ЧЛЕНОВИ НА НАУЧНИОТ КЛУБ „АКАД. ПРОФ. ДР. ДИМИТАР АРСОВ" ВО 1980 Г.:

Поп Петровски Ванчо
Миленковиќ Звонко
Јевтиќ Миодраг
Ќурчиев Теодор
Николов Владимир
Наумов Иван
Георгиевски Славко
Серафимов Виктор
Спирковски Зоран
Гулевска Гордана
Герасимовска Весна
Петровска Мирјана
Котевска Весна
Тодорова Емилија
Гривчева Весна
Деловска Весна
Георгиевска Елизабета
Дејанов Петар
Петров Златко
Кипровска Ана
Каранфилски Оливер
Петрушевска Марија
Нешковски Јован
Наумовски Миле
Волчева Вангелица
Христова Анита
Поповска Елизабета
Јаневски Владимир
Димов Владимир
Лазаров Мирослав
Столевски Владо
Мишевски Јане
Малинова Љубинка
Јосифова Драгана
Наумовски Стојадин
Станковска Гордана
Станојевиќ Миле
Бојаџиев Божидар
Старова Розана
Ололовска Марија
Миленковиќ Звонко
Ивановски Мартин
Марковски Вело
Каровска Мимоза
Башевска Нели
Младеновиќ Драгослав
Темелковски Златко
Темелковска Снежана
Андреевска Мирјана
Бејтовиќ Осман
Сарач Бранка

# VASOFLEX®

(празосин хидрохлорид)

30 таблетни à 1 mg
60 таблетни à 2 mg
60 таблетни à 5 mg

## VASOFLEX®

е ново ефикасно антихипертензивно средство за лекување на хипертензија од сите степени и етиологија.

## VASOFLEX®

е алфа-адренергичен блокатор кој со намалување на периферниот отпор доведува до периферна вазодилатација и до опаѓање на крвниот притисок.

## VASOFLEX®

— комбинација на сигурност и ефикасност
— добро се поднесува
— не доведува до промени на минутниот волумен на фреквенцијата на срцевата работа, не влијае на циркулацијата на крвта во бубрезите ниту на гломеруларната филтрација

Поопширни информации можете да најдете во научната брошура за препаратот или во внатрешното упатство.

Производува

Во кооперација со
PFIZER INC
New York

ALKALOID
SKOPJE

®Заштитено име Алкалоид



СИГУРНО АНТИМИКРОБНО СРЕДСТВО

# LIDAPRIM

Таблети за деца
Таблети за возрасни
Суспензија 100 мл

**Состав**
sulfametrol и trimetoprim

**Дејство —**
Lidarpim-от е бактерициден хемотерапеутик, кој успешно дејствува на голем број грам (+) и грам (−) бактерии (стрептококи стафилококи, пневмококи, гонококи, енетерококи, салмонели, шигели, клебсиели и аеробактер).
Бактерицидното дејство на Lidaprim-от се заснова на блокирањето на ензиматските системи на бактеријата.

**Индикации —**
— Сите инфекции предизвикани од осетливи бактерии
— инфекции на респираторните патишта
— инфекции во ОРЛ
— уринарни инфекции
— инфекции на гениталните органи вклучувајќи ја и гонорејата
— инфекции на цревата и жолчните патишта
— инфекции на кожата и меките ткива

**Дозирање —**
Стандардно дозирање — возрасни и деца преку 12 години: 2 пати по 2 табл. дневно. дози за одржување и долготрајна терапија: 2 пати по 1 табл. Само кај хроничниот пиелонефритис и при излучување на салмонели се ординира во тек на три месеци 2 пати по 2 таблети. Интензивно лекување — Кај тешки инфекции: 2 пати по 4 табл. дневно.
Ударно лекување — (кај гонореа): 8 таблети одеднаш (ако е потребно може да се даде уште една доза од 8 таблети).
Дозирање кај деца — Деца од 6 до 12 години: 2 пати по 4 таблети за деца дневно или 2 пати по 1 таблета за возрасни;
Деца од 2-6 год.: 2 пати по 2 таблети за деца дневно. Дозирање на суспензијата (сируп). Деца од 6 недели до 6 месеци 2 пати по пола кафено лажиче.
Деца од 6 месеци до 6 години 2 пати по 1 кафено лажиче. Деца од 6 години до 12 години 2 пати по 2 кафени лажичиња.

Во соработка со
CHEMIE LINZ
Австрија

Производува
АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ